**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**НУМ „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**INM „MBRËMJET STRUGANE TË POEZISË“**

Ул. Браќа Миладиновци бр.5, 6330 Струга, Поштенски фах 111
Rr.Vëllezërit Miladinov nr.5, 6330 Strugë, PO box 111
Тел./Tel.+389 46 786 270, E-mail: struga@svp.org.mk

Врз основа на член 77-ж став 1 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 23 став 2 од Законот за работните односи (“Службен весник на Република Македонија” бр.167/15 - преч.текст, 27/16 и 120/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), како и член 16 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, начинот на спроведување на интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас бр. 02-95/5 од 28.05.2021 и неговата измена бр.02-366/8 од 05.12.2024 година, а согласно Конечната ранг-листа и предлогот одлуката за избор бр.04-150/10 од 13.06.2025 година а во врска со Одлуката за објавување на Јавен оглас бр.04-150/1 од 15.05.2025 година, донесувам

## О Д Л У К А

**за избор на кандидат по Јавен оглас бр.01/2025 за вработување на даватели на услуги**

1. За извршител на работното место под реден број 1 **Уметнички раководител, шифра КУЛ 03 04 Г01 001 - 1 (еден) извршител** се избира кандидатот

   - Мите Стефоски

2. По конечноста на Одлуката за избор ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на неопределено време.
3. Одлуката за избор да се достави до кандидатите, да се објави на Огласна табла и на веб страницата на НУМ „Струшки вечери на поезијата“.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на потребата за работници утврдена во Годишниот план за вработување на установата (арх.бр.03-272/1 од 27.08.2024 година) а по претходна добиено известување за обезбедени средства од органот надлежен за издавање на финансиска согласност за пополнување на работни места (арх.бр.19-3529/2 од 13.05.2025 година), како и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, начинот на спроведување на интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас бр. 02-95/5 од 28.05.2021 и неговата измена бр.02-366/8 од 05.12.2024 година, НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга,

Република Северна Македонија Национална установа Манифестација СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА
Republika e Maqedonisë së Veriut Institucioni Nacional Manifestimi MBRËMJET STRUGANE TË POEZISË
Бр.N. 04-150/11
16.06 2025 viet
Струга-Strugë

објави оглас за вработување на 2 (двајца) даватели на услуги (Уметнички раководител и Стручен соработник за издавачка дејност), на неопределено време. На Јавниот оглас објавен во дневните весници „Слободен печат“, „Вечер“ и „Коха“ и на веб страната на установата на 16.05.2025 година, се јавија вкупно 4 (четири) кандидати за едно објавено слободно работно место. Со Решение бр.04-150/7 од 10.06.2025 година од страна на страна на в.д директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга, а врз основа на номинирани членови од Министерството за култура и туризам (допис бр.24-5592/2 од 10.06.2025 година) е формирана Комисија за спроведување на постапка за вработување, која изврши административна селекција на пријавените кандидати на јавниот оглас за што состави Записник бр.04-150/8 од 12.06.2025 година. Комисијата на ден 13.06.2025 година ја спроведе и втората фаза од постапката за селекција за вработување, односно спроведе интервју со пријавените кандидати кои успешно ја поминаа првата фаза од постапката за што состави Записник бр.04-150/9 од 13.06.2025 година и до в.д. директорот на установата достави Конечна ранг листа и предлог одлука за избор бр.04-150/10 од 13.06.2025 година. Од конечната ранг листа на кандидати се утврди дека дека избраниот кандидат има освоено најголем вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција.

Врз основа на горенаведеното, се изврши избор како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:**Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Управниот одбор на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга во рок од 8 (осум) дена, по нејзиниот прием.

НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга
В.д. Директор
Цветанка Маркоска

Доставено до:
- Именуваниот
- Досие
- Огласна табла
- Архива